# 407. МАМО,ЌЕ ТИ УМРАМ




Мамо ќе ти умрам, леле, мамо, ќе ти умрам,
мамо, ќе ти умрам рано во недела!
Моми да м'облеча, леле, моми да м'облеча,
моми да м'облеча, момци да ме носа,
да ме закопате, леле, да ме закопате,
да ме закопате пред црквина врата,
да ми посадите, леле, да ми посадите,
да ми посадите ружица румена,
кој шо ќе помини, леле, кој шо ќе помини,
кој шо ќе помини, ружица да скини,
ружица да скини, леле, ружица да скини,
ружица да скини, мене да ме спомни.

Каракаш, Бранко, Антологија на македонски нардони песни, Скопје: Дега, 1995